# Образложение кон неревидираниот консолидиран и посебен Биланс на успех за период 01.01-31.12.2022 година

## Консолидиран финансиски резултат

Консолидираната оперативна добивка за периодот од 1 јануари 2022 година до 31 декември 2022 година изнесува 104,8 милиони денари. Оперативните приходи изнесуваат 1.370,1 милиони денари и се зголемени за 9%, а оперативните расходи изнесуваат 1.237,1 милиони денари и бележат зголемување од 9% во однос на истиот период претходната година.

Консолидираните приходи од продажба се зголемени за 3% во однос на истиот период минатата година.

Приходите од продажба по деловни сегменти:

- Приходите на продажба на сегмент фармација бележат зголемување за 7% во однос на минатата година,
  - ✓ Приходите од продажба на странски пазар се зголемени за 9%,
  - ✓ Приходите од продажба на домашен пазар на сегмент фармација се зголемени за 3% во однос на истиот период минатата година,
- Приходите на продажба кај трговија на разни стоки и угостителски услуги се намалени за 21% во однос на минатата година.

Приходите од продажба по географски сегменти:

- Приходите од продажба на странски пазар со учество во вкупните приходи од продажба од 68% (2021: 64%) се зголемени за 9%,
- Приходите од продажба на домашен пазар се намалени за 8% во однос на истиот период минатата година.

Консолидираната добивка пред оданочување изнесува 97,9 милиони денари и бележи намалување од 37% во однос на истиот период минатата година, поради зголемени трошоци за електрична енергија, амортизација и трошок за вработени, отпис на основни средства.

Во консолидираните финансиски извештаи за периодот од 01.01.2022 до 31.12.2022 година кредитното задолжување е зголемено за 100,6 милиони денари, односно на 31 декември 2022 година изнесува 290 милиони денари (на 31 декември 2021 година изнесува 189,3 милиони денари).

За период од 01.01-31.12.2022 година, прометот на групациско ниво бележи реализација од 84% во однос на планираниот.

Друштвото Реплек Маркет ДООЕЛ Скопје во целосна сопственост на Реплек АД, изврши продажба на 3,558 м2 земјиште на Кара ДООЕЛ Скопје со договорена продажна вредност во износ од 88,5 милиони денари.

Козле 188, 1000 Скопје, МК +389 2 3081 343 info@replek.mk www.replek.mk

## Неконсолидиран финансиски резултат

Реплек АД Скопје во периодот од 1 јануари 2022 година до 31 декември 2022 година оствари неконсолидирана добивка пред оданочување во износ од 59.7 милиони денари и е на исто ниво во однос на истиот период минатата година. Остварената добивка пред оданочување во најголем дел произлегува од евидентираните приходи од вложувања во поврзаните субјекти во износ од 80,3 милиони денари што претставува дел од остварениот резултат на поврзаните субјекти во 2021 година (претходната година е извршена распределба на дивиденди од поврзаните субјекти на износ од 76 милиони денари од остварениот резултат во 2020 година).

Во поединечните финансиски извештаи за периодот од 01.01.2022 до 31.12.2022 година кредитното задолжување е зголемено за 94,9 милиони денари, односно на 31 декември 2022 година изнесува 143,1 милиони денари (на 31 декември 2021 година изнесува 48,2 милиони денари).

Реплек АД Скопје изврши целосен пренос на уделот (45%) кој го поседува во Друштвото за производство, трговија и услуги РХ ФАРМА ДОО Скопје кон содружникот.

Реплек АД Скопје согласно Одлуката за стекнување сопствени акции со откуп Број 02-1979/1, донесена на Годишното собрание на акционери одржано на 27.04.2022 година, изврши откуп на 1200 сопствени обични акции преку Македонска Берза на ден 26.10.2022 година со што вкупно поседува 1200 сопствени обични акции, односно 4,63% од основната главнина на друштвото.

**РЕПЛЕК АД**

Козле 188, 1000 Скопје, МК +389 2 3081 343 info@replek.mk www.replek.mk